# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## За спроведување на програмата за јавна чистота во Општина Делчево за 2019год.

Програмата усвоена од страна на Советот на Општина Делчево бр.09-174/1 од 28.01.2019год. е изготвена врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08) и истата содржи: Вид и обем на работите, динамика, временски рокови и начин на извршување на истите и финансиски средства потребни за извршување на истите.

Во Планираниот период се вршени следните работи:

1. Метење на улици

-М.М Брицо и М.Тито ( од ветеринарна станица до касарна)

-Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево)

- Булевар ,,Македонија,,(Од АД Фротирка до Шумско стопанство)

- Ул.,,Индустриска,,(Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,)

- Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,,(Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ)

- Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион)

- Градски Пазар

- Паркинг пред Спомен дом АСНОМ

- Паркинг пред Здравен дом

- Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом

- Парк на Кеј на Ослободување

- Детско игралиште во Ново Делчево

- Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,,

- Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,,

- Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,,

2.Миење на улици

Со програмата е предвидено во период од 01.06.2019 до 30.09.2019год. да се мијат улиците:,,Бул.Македонија, ,,М.М.Брицо,, ,,Маршал Тито , ,,Индустриска,,Никола Јонко Вапцаров,,и ,,Светозар Марковиќ,,.

Миење на споменатите улици не е вршено, бидејки ЈПКД,,Брегалница,, не располага со сопствено возило и ги користи по потреба услугите на ТППЕ-Делчево.

3.Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на садовите за отпад се вршеше секој работен ден според распоред. Комуналниот цврст отпад од создавачите се собираше еднаш неделно, во централното градско подрачје двапати, додека во населените места Габрово, Звегор и Разловци двапати месечно, еднаш годишно на спортските игралишта и летната сцена на Голак.

4.Чистење снег и мраз во зимски услови според програмата беше предвидено на површина од околу 13 900м2.
Чистењето на снег и мраз е реализирано според Програмата и постапено по потреба односно најинтензивно е чистено во месец јануари и дел од февруари.

5.Финансиски дел

За реализација на програмата беше предвидено да се соберат 1.800.000.00ден од надомест за јавна чистота кој изнесува 40ден. од семејство (водомер) и 100ден. за правните лица.

Во изминатата 2019год. врз основа на извршени дејности и услуги собрани се и фактурирани 1.845.000ден.

Изготвил:
Татјана Стојковска

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Одделение за урбанизам,заштита на животна средина,комунални дејности,сообраќај и локален економски развој
-Раководител -
Звонко Атанасов